ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 19/24



09.10.2024 година

**Р Е Ф Е Р А Т**

**За избор на соработник во соработничко звање Асистент**
**од област „Графички дизајн“ (60712 – Фраскатиева класификација)**
**на Факултетот за арт и дизајн при**
**Европски универзитет во Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет во Скопје, на **246**-та седница одржана на 24.09.2024 година формира Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Христијан Санев – претседател; проф. д-р Гордана Вренцоска – член и проф. м-р Благојче Наумоски – член, за избор на соработник во соработничко звање Асистент на Факултетот за арт и дизајн, од областа:

1. **Графички дизајн -** 1 извршител.

На распишаниот Конкурс за избор на соработник во соработничко звање Асистент од област „Графички дизајн“ на Факултетот за арт и дизајн, се пријави еден кандидат: Ветон Арифи.

Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ-Скопје, го поднесува следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс за избор на соработник во соработничко звање Асистент од област „Графички дизајн“ на Факултетот за арт и дизајн, кој беше објавен на 11.09.2024 година во весникот Вечер, се пријави еден кандидат: **Ветон Арифи**, кој поднесе пријава на ден 17.09.2024 год.

Кандидатот во прилог достави: пријава по конкурс, професионална биографија, уверение и диплома за завршен прв циклус, уверение/доказ за стекнат степен магистер од соодветната област, потврда за познавање на англиски јазик и уверение за државјанство.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ:

**Ветон Арифи**
Датум на раѓање: 06.08.1996. Место на раѓање: Тетово.

**Образование:**

Средно образование завршил во Yahya Kemal College – Gostivar каде во 2015 година дипломирал со одличен успех.

Во 2019 година, високото образование го завршил на Факултетот за арт и дизајн на Европски универзитет – Скопје, каде се стекнал со назив/диплома **Дипломран дизајнер од областа на графички дизајн**, со просечна оценка 9,73.

Во 2024 година, вториот циклус на студии - магистерски студии го завршил на Факултетот за арт и дизајн на Европскиот универзитет – Скопје и се стекнал назив/диплома **Магистер по дизајн од областа на графички дизајн**, со просечна оценка 10,00.

## 2. СТРУЧНО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Учествувал на изложби поврзани со уметноста, а посебно со графичкиот дизајн.

Учествувал на конкурсот за најдобар постер во **International Student Poster Competition – Skopje Poster Festival** со темите **"Macedonia – Travel Destination"** и **"Artificial Reality"**, за двете теми по **две решенија.**

Во **2018** година добил **признание** за учество во проектот **#INNO4EDU – 18 дневен образовен камп** организиран од страна на **Смартап – Лабораторија За Социјални Иновации** и **УНИЦЕФ**.

Во 2019 учествувал со два плаката на конкурсот организиран од страна на Хрватското Дизајнерско Друштво, во чест на хрватското претседателство на ЕУ во 2020, со тема **"(RE)IMAGINING EUROPE".**

Во 2019/20 учествувал со три плакати на конкурсот за студентски плакати за Меѓународниот ден за сеќавање на Холокаустот, во организација на Музејот на Холокаустот и МНР.

**<u>Учества на изложби:</u>**

Учествувал на годишните изложби организирани од страна на **Факултетот за арт и дизајн** во **Европскиот универзитет – Скопје,** каде неколку од **неговите дела** биле **изложени секоја година,** за време на неговите студии.

Во 2017 година учествувал на **Младинскиот пролетен салон** во Националната галерија.

Во **2020** учествувал со **три** плакати на конкурсот за изработка на плакат по повод **"27 Јануари - Меѓународниот Ден за сеќавање на Холокаустот",** од вкупно **40+** плакати, сите **трите** негови плакати беа селектирани за да бидат изложени во изложбениот салон на **МАНУ.**

Во 2021 година учествувал на **Јубилејна изложба – Ретроспектива „15 години Факултет за арт и дизајн"**, изложба на дела од досегашното творештво на факултетот, во просториите на Европски универзитет.

Во досегашната активност како дизајнер изработил **рачни** и **дигитални** креации од областа на **графичкиот дизајн, сликањето, дизајн производ, дизајн на книга, UX/UI design,** а исто така се занимава и со фотографија.

## 3. СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Има искуство како **Графички дизајнер**:
**Јуни – Јули 2016** како практикант во **ARBËRIA DESIGN**
**Јуни – Јули 2017** како практикант во **VIA MARKETING**
**Јуни – Јули 2018** како практикант во **MAGNA SKEN**
**Јули – Септември 2019** како вработен со договор на дело во **REXSOLUTION**

## 4. ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:

**Октомври 2019 – Јуни 2020** Демонстратор од областа „Дизајн" на Факултетот за арт и дизајн, Европски универзитет, на предметите „Компјутерско дизајнирање", „Основи на графички дизајн", „Основи на типографија" и „Визуелни комуникации".

**Октомври 2020 – Јуни 2021** Демонстратор од областа „Дизајн" на Факултетот за арт и дизајн, Европски универзитет, на предметите „Компјутерско дизајнирање", „Основи на графички дизајн", „Основи на типографија" и „Визуелни комуникации".

**Октомври 2021 – Јуни 2022** Демонстратор од областа „Дизајн" на Факултетот за арт и дизајн, Европски универзитет, на предметите „Компјутерско дизајнирање", „Основи на графички дизајн", „Основи на типографија", Дизајн на мебел", „Дизајн на плакат", „Визуелни комуникации" и „Мултимедија".

## 5. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА:

Во текот на студиите на Факултетот за арт и дизајн во **2017** година ја добил наградата **"GRAND PRIX"** на **X Младински Пролетен Салон** во организација на Националната галерија, како најдобар млад дизајнер каде учествувале студенти од сите Универзитети во Македонија.

Во **2020** ја добил **третата награда** на конкурсот за студентски плакати за Меѓународниот ден за сеќавање на Холокаустот. Наградата му ја врачи британската амбасадорка Н.Е. Рејчел Галовеј на изложбата поставена во МАНУ.

Во 2021 добил **Благодарница** за придонесот во наставата и воннаставните активности како демонстратор на Факултетот за арт и дизајн, Европски универзитет.

6. **КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ:**

Adobe **XD (Xd)**
Adobe **InDesign (Id)**
Adobe **Illustrator (Ai)**
Adobe **Photoshop (Ps)**
Adobe **Premiere Pro (Pr)**
UX/UI платформата **Figma.**

**РЕЦЕНЗИЈА**

Според приложените податоци, за конкурсот за избор на Асистент на Факултетот за арт и дизајн, од областа **„Графички дизајн"** на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Рецензентската комисија забележува дека кандидатот Ветон Арифи има познавање и искуство во областа на дизајнот, кое се забележува од стручно-уметничката, стручно-апликативната и образовна досегашна практика на кандидатот.

**Стручно-уметничката дејност** на кандидатот се забележува преку активните учества на групни изложби и јавни конкурси во областа на уметноста и графичкиот дизајн. Од неговото портфолио може да се заклучи дека станува збор за кандидат кој има развиени визуелни вештини и напредно креативно размислување. Тој се усовршил и во полето на ликовните техники, но и во фотографијата и мултимедијата. За неговите квалитети потврдуваат и наградите кои ги добил за своите дела.

**Стручно – апликативната дејност** на Ветон Арифи се забележува преку учествата во проекти од областа на графичкиот дизајн, како и студентската пракса и работното искуство. Тој ја владее целосно методологијата на истражување и дизајнирање, и може самостојно да раководи проект од областа на графичкиот дизајн.

**Образовната дејност** се забележува преку неговиот ангажман како демонстратор во областа „Дизајн" во Академската 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 година на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет. За овој ангажман добил и благодарница од ЕУ-СК.

Кандидатот има учествувано на повеќе натпревари и се има стекнато со награди и признанија од областа на дизајнот и графичкиот дизајн. Исто така поседува компјутерски вештини соодветни за областа „Графички дизајн".

**КОНСТАТАЦИЈА**

На објавениот конкурс конкурирал Ветон Арифи, кандидат со соодветно образование, познавања и вештини:

- **Дипломиран дизајнер во областа на графички дизајн**, со просечна оценка **9,73**.

- **Магистер по дизајн од областа на графички дизајн**, со просечен успех **10.00** на вториот циклус студии;
- Учествувал на изложби и конкурси за уметност и дизајн;
- Добитник е на награди за своите уметничко-дизајнерски дела;
- Има искуство како графички дизајнер и како демонстратор;
- Поседува соодветни компјутерски вештини за област графички дизајн;
- Кандидатот доставил доказ за познавање на англиски јазик;
- Кандидатот поседува познавања и искуство потребни за да одговори на прописите на објавениот конкурс за избор во соработничко звање Асистент од областа „**Графички дизајн**" на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот Конкурс за избор на соработник во соработничко звање Асистент од област „**Графички дизајн**" (60712 – Фраскатиева класификација) на Факултетот за арт и дизајн, кој беше објавен на 11.09.2024 година во весникот Вечер, се пријави еден кандидат: **Ветон Арифи**.

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот **Ветон Арифи**, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот ги исполнува условите за избор според објавениот конкурс, и има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ Скопје да го избере во соработничко звање Асистент од областа „**Графички дизајн**", според Член 170 на Законот за високото образование на Р.С. Македонија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

Проф. м-р Христијан Санев – претседател

Проф. д-р Гордана Вренцоска – член

Проф. м-р Благојче Наумоски - член